**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-352/4**
**Скопје, 10.06.2005 година**

**ДО**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за локална самоуправа за 2004 година за редовната сметка, кои се прикажани на страните од 8 до 10 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Министерството за локална самоуправа за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Александар Гештаковски, Министер во Минстерството за локална самоуправа од 01.01.2004 година до 17.12.2004 година и,
- Ризван Сулјемани, Министер во Министерството за локална самоуправа од 17.12.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 24.03.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Катерина Чаловска - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Од Буџетот на Република Македонија, раздел Функции на државата, на сметката на Министерството за локална самоуправа се трансферирани средства согласно Одлуки на Влада во износ од 49,766 илјади денари и тоа за следните намени:

- За поплочување на плоштадот на град Скопје во износ од 34,766 илјади денари, иако за оваа намена во Буџетот на Министерството не се планирани средства.
- За реновирање на објект општинска зграда во Општина Дебар во износ од 15,000 илјади денари, кои средства се исплатени од Министерството за локална самоуправа на изведувачот со договор за асигнација по авансна и прва времена ситуација кои се на ист износ од 9.000 илјади денари а се исплатени средства во износ од 15.000 илјади денари.

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за локална самоуправа нема надлежност да финансира работи во делот на изградбата кај единиците на локалната самоуправа ниту пак во буџетот на Министерството за локална самоуправа за оваа намена се планирани средства.

**Препорака:**

- При изготвување на Буџетот на Република Македонија за делот на средствата во Раздел функции на државата, средства за капитални објекти, точно да се определени проектите кои ќе се финансираат од овие средства и преку кое од Министерствата ќе се врши трансферот на средствата.

10.1.2. Кај благајничкото работење карактеристични се следните наоди:

- Благајничките извештаи не се изготвуваат редовно при секоја промена на состојбата во благајната и не се поткрепени со комплетни сметководствени

документи (каса исплати, каса прими, фискални сметки и др.), со кои ќе се потврдат исплатите и уплатите во благајната.

- Сметкопотврдите, врз основа на коишто се книжи одлив на средства од благајната и расход, во износ од 102 илјади денари не се уредни, односно нема време на настанување на трансакцијата, од описот не е можно да се утврди од кого е набавено, кој ја извршил набавката, и не се приложени фискални сметки.
- Во текот на ревизијата е утврдено дека во ист ден, за ист вид на набавка и од ист добавувач, се вршени повеќе набавки на материјали во готово по сметкопотврди до дозволениот износ од 6 илјади денари, со што се прекршува Законот за платен промет.
- При давањето аванси во текот на годината не се евидентира побарување од вработените, ниту излез од благајната (дадените аванси не се евидентираат книговодствено), иако парите се издадени од благајната. Поради ова, состојбата на паричните средства во текот на годината не соодветствува со состојбата на девизната благајна.
- Ревизијата утврди дека е извршена исплата по сметкопотврда на поголем износ од 6 илјади денари кое е во спротивност со одредбите од Законот за платен промет.

**Препорака:**

- Министерството за локална самоуправа да донесе акт за благајничко работење согласно законските прописи за регулирање на благајничкото работење.

10.1.3. Кај службени патувања во странство од приложените патни сметки кои што се надоместуваат на товар на расходите на Министерството за локална самоуправа, може да се утврди дека во прилог на патните сметки не се приложени авионските и бординг картите. Заради што неможе со точност да се утврдат бројот и висината на дневниците при патувањето.
При правдањето на трошоци за хотелски и угостителски услуги за плаќања извршени со DINERS картичката со спецификацијата нема прилог фактури.
За користење на DINERS картичка на ревизијата не и беше презентирана Одлука.

**Препорака:**

- При исплата на патните сметки за патување во странство во прилог на патните налози секогаш да се приложуваат авионските и бординг картите.
- Министерството за локална самоуправа да ја преиспита законската основаност согласно законските прописи на можноста за користење на платежни картички за патувања во странство и за плаќања на трошоци во земјата.

10.1.4. Кон фактурите за вршење на услуги за објавување во пишаните медиуми на Законот за локална самоуправа, Законот за Градот Скопје и Картата за новата територијална поделба на Република Македонија, („Мост Бранко, Ерол и други„ и „Макден „ДООЕЛ), со износ од 898 илјади денари, нема прилог договори со кои треба конкретно и детално да се регулираат условите за набавка.

**Препорака**:

- За набавка на стоки, опрема и за вршење услуги задолжително треба да се склучуваат договори со што ќе се обезбеди целосно уредување на условите за набавка (цена, количина, вредност, рокови на испорака, начин на плаќање).

### 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Не е извршен целосен попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година, како и не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката состојба, согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Не постои обележување (инвентарисување) на сите основните средства, со проверка ревизијата утврди дека дел од инвентарните броеви во пописот не постојат во книговодствената евиденција.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата и изворите во согласност со законските прописи, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, меѓу фактичката и сметководствената состојба.
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства со кои располага Министерството за локална самоуправа.
- Ревизијата препорачува да се изврши вонреден попис и правилно и реално да се утврди состојбата на постојаните средства.
- Министерството за локална самоуправа да преземе мерки лицата кои поради заминување на други работни задачи го напуштаат министерството, средствата со кои се задолжени да ги враќаат.

### 10.3. Неправилности во искажување на расходите

10.3.1. Ставката - Надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е преценета за износ од 90 илјади денари а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради следното:

- За исплатениот функционален надомест за државнит секретар во вкупен износ од 71 илјада денари по заклучок на Влада без да постои законски основ, и
- За износ од 19 илјади денари, за повеќе исплатениот надомест за патување од и до работно место на именуван раководен работник, кој живее во една а работи во друга општина.

**Препорака:**

- При исплата на надоместоците да се почитуваат одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и другата законска регулатива која ги третира надоместоците.

10.3.2. Ставката- Комуникација и транспорт во Билансот на приходи и трошоци, е преценета за износ од 322 илјади денари а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради следното:

- за два пати платена набавка на автогуми за леки коли кој се платени по профактура и по фактура на вкупен износ од 92 илјади денари,и
- за исплатени трошоци за мобилни телефони во износ од 230 илјади денари спротивно од „Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката„ без да им биде задржано од плата на лицата кои го пречекориле утврдениот лимит.

**Препорака:**

- Министерството за локална самоуправа да преземе мерки за поврат на два пати платените трошоци за набавка на авто гуми за леки коли во износ од 92 илјади денари од сервис Скендеровски.
- Министерот да донесе акт со кој ќе се регулира користење на служебен мобилен телефон и на други вработени за чие извршување на работните задачи е неопходно користење на мобилен телефон а истите не се третирани со „Одлуката за определување на правото на користење на служебен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката„, донесена од Владата на Република Македонија. Како и при надминување на утврдениот лимит да се преземаат мерки за наплата од платите на лицата кои го надминале утврдениот лимит.
- Да се воспостават внатрешни контроли за уредно ликвидирање на документацијата пред исплатата на истата.

10.3.3. За ангажирање на лица (подолготрајно или еднократно) со договор на дело, нема одлуки за ангажирање во коишто треба да се утврди потребата од дополнителни ангажирања.
Ревизијата не беше во можност да утврди како се определува месечниот надомест на вработените со договор за дело за лицата кои се ангажирааат подолготрајно и од што произлегува разликата помеѓу поединечните исплати (ист месечен надомест, а различен опис на обврски).
Од приложената документација не е можно да се потврди дека работите за коишто се ангажирани лицата се извршени (извештај, испорачани материјали).

**Препорака:**

- Секторот за координација на работите на министерот, информатички и општи работи, со акт да го уреди ангажирањето на лица преку договор за дело, со посебна нагласка на: утврдување на потреба од дополнително ангажирање на лица, конкретен опис на ангажманот, критериуми за утврдување на висината на надоместот и условите за плаќање на надоместот (потврда за извршена работа).

10.3.4. Од фактурите и сметкопотврдите за угостителски услуги во одреден број случаи не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од странство, од домашни институции);
- кој е корисник на услугата од министерството како и кога истата е извршена;
- со сметкопотврдите од угостителските објекти и фактурите нема прилог фискална сметка и сметка за спецификација на трошоците.

Министерството за локална самоуправа нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во странство и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби), како и правото на користење на репрезентација во рамките на субјектот( утврдување на месечен лимит).

10.3.5. Исплатени се трошоци за репрезентација по фактура на износ од 62 илјади денари во која стои коктел за манифестацијата „Актерот на Европа за 2004„ манифестација која е надвор од дејноста на министерството. За овој износ трошоците по основ на Други оперативни расходи во билансот на приходи и расходи се преценети а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи.

**Препорака:**

- Секторот за координација на работите на министерот, за информатички и општи работи треба да донесе акт со којшто ќе се регулира правото на користење на

угостителски услуги – репрезентација во земјата и странство, како и акт со којшто се регулира правото на користење репрезентација во рамките на субјектот (утврдување на месечен лимит).

## 10.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата

10.4.1. За износ од 831 илјада денари, е преценета - Исправката на вредноста на материјалните средства а за истиот износ е потценета позицијата - Извори на капитални средства – Државен јавен капитал.
Ова е последица на пресметаната амортизација за опремата која Министерството за локална самоуправа ја добило како донација од Европската агенција за реконструкција од 16.12.2004 година, пресметана е амортизација за 2004 година иако истата треба да се пресметува почнувајќи од 01.01.2005 година.

**Препорака:**

- Лицето одговорно за водење на сметководствената евиденција за погрешно пресметаната амортизација да изврши исправка со соодветно евидентирање во сметководствената евиденција.

10.4.2. Позицијата Материјални средства - Опрема во билансот на состојба е потценета за износ од 52 илјади денари, за набавената дополнителна опрема вградена во возило, а неевидентирана како зголемување на вредноста на возилото. За износ од 49 илјади денари се потценети Изворите на капитални средства- Државниот јавен капитал, а за износ од 3 илјади денари е потценета Исправката на вредноста на материјалните средства.

**Препорака:**

- За извршеното вложување со кое се зголемува вредноста на опремата-возилото Ауди А4, лицето одговорно за водење на сметководствената евиденција да изврши соодветно евидентирање со зголемување на вредноста на опремата за 52 илјади денари и зголемување за истиот износ на Изворите на капитални средства .

10.4.3. Позицијата- Активни временски разграничувања во Билансот на состојбата е потценета за износ од 532 илјади денари за непресметаната и неисплатена плата за месец декември 2004 година, за истиот износ е потценета и состојбата на позицијата Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените.

**Препорака:**

- Согласно постојната законска регулатива неисплатената плата за месец декември 2004 година треба да биде евидентирана во билансните позиции со состојба на 31 декември.

## 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства

10.5.1. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 1,285 илјади денари (Прилог бр.1). Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, и

- Не се води посебна евиденција за малите набавки.
- Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- Секторот за координација на работите на министерот, информатички и општи работи до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Секторот за координација на работите на министерот, информатички и општи работи да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност;

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 474 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 1. 415 илјади денари.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.3. и 10.4. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за локална самоуправа на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точка 10.5. кај Министерството за локална самоуправа - редовна сметка остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 06.06.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 94 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1.1. | 103 | 1,780 |
| **Вкупно тековни средства** | | **103** | **1,874** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.2.1. | 7,316 | 5,172 |
| **Вкупно постојани средства** | | **7,316** | **5,172** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **7,419** | **7,046** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1.1. | 75 | 1,753 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.2.1.2. | 28 | 22 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 0 | 5 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 94 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **103** | **1,874** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.2.1 | 7,316 | 5,172 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **7,316** | **5,172** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **7,419** | **7,046** |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.3.1 | 69,836 | 17,484 |
| **Вкупно приходи** | | **69,836** | **17,484** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1 | 5,823 | 5,535 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2 | 14,167 | 11,653 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **19,990** | **17,188** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1 | 49,846 | 202 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **49,846** | **202** |
| **Вкупно расходи** | | **69,836** | **17,390** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **94** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **94** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | **0** | **0** |
| Дел од нето вишокот на приходите-добивката за повраќај на буџетот односно фондот | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **0** | **0** |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **5,172** |
| | |
| **Зголемување по основ на:** | **4,619** |
| Набавки | 4,619 |
| | |
| **Намалување по основ на:** | **2,475** |
| Отпис на капитални средства | 84 |
| Амортизација | 2,391 |
| | |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **7,316** |